Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за животна средина и просторно планирање (во понатамошниот текст: МЖСПП) |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за проширена одговорност на производителите во управувањето со посебните текови на отпад |
| Одговорно лице и контакт информации: | Ана Каранфилова Мазневска |
| Вид на Извештај: | ☐Нацрт<br>☒Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>X НПАА<br>☐ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☐Друго ________________________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ: | Директивата за 2008/98 на Европскиот парламент и на Советот од 10 Ноември 2008 година за отпад |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации: | ☐Да<br>☒ Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 26.11.2019 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | 18.05.2020 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | 08.06.2020 година |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Декември 2020 година |

# 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

## 1.1 Опис на состојбите

Политиката за управување со отпад е уредена во Стратегијата за управување со отпадот 2008-2020, Националниот план за управување со отпадот 2009 – 2015 и соодветните програми за управување со отпадот на централно и плановите и програмите на регионално и локално ниво.

Управувањето со отпадот во Република Северна Македонија е регулирано со Законот за управување со отпадот (ЗУО) додека управувањето со посебните текови на отпад и воспоставувањето на проширената одговорност на производителите во Република Северна Македонија е регулирано со законите за управување со посебните текови на отпад и тоа Законот за управување со пакување и отпад од пакување, Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпад од електрична и електронска опрема, Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори (во понатамошниот текст: закони за посебните текови на отпад).

За прв пат проширената одговорност на производителите (во понатамошниот текст: ПОП) е воспоставена во декември 2009 година со донесувањето на законот Законот за управување со пакување и отпад од пакување. Првите колективни и самостојни постапувачи со пакувањето, како дел од посебните текови на отпад, се формираа во средината на 2012 година од кога и започна да се применува ПОП во реалноста.

По овој закон во 2010 година следеше донесувањето на Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори, а во 2012 година се донесе Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпад од електрична и електронска опрема. Дополнително кон ова, со посебен правилник заснован на Законот за управување со отпад, е уредено постапувањето со отпадот од искористени возила кој не воведе обврска за воспоставување на целосен систем на ПОП, туку прашањето го уреди преку создавање на обврска за расклопување на отпадните возила по видови на отпад и соодветно репортирање.

Горенаведените закони за посебните текови на отпад утврдуваат дека сите правни субјекти, кои пуштаат на пазарот во Република Северна Македонија производи кои по нивната употреба се создава отпад, имаат обврска да се грижат за производот и по завршувањето на фазата на неговото консумирање односно употреба. Со ова, овие субјекти стануваат производители кои создаваат отпад на територијата на Република Северна Македонија. Проширената одговорност опфаќа три компоненти:

- Проширена што значи после фазата на консумирање на производот, кога истиот најчесто станува отпад;
- Производител е секое правно лице односно субјект што пуштил производи на пазарот во Република Северна Македонија (изработувачот, продавачот на големо, дистрибутерот, продавачот на мало, и сл.);

- Одговорност што опфаќа финансиска и организациона, односно со сопствени средства производителот да воспостави и управува систем за одделно собирање на искористените односно отпадните производите, како и отпадот што настанува по искористувањето на производите, како и рециклирање и преработка на отпадот.

Остварувањето на ПОП може да оствари со избор на еден од четирите начини:

- Плаќање на надоместок за секоја одделна количина на вид на посебен отпад што е утврден во секој од закони за посебните текови на отпад;
- Основање на колективен постапувач од најмалку двајца производители и добивање на дозвола за постапување со посебен тек на отпад од Управата за животна средина (во понатамошниот текст: УЖС), орган во состав на МЖСПП, како и плаќање на соодветен надоместок на колективниот постапувач кој најчесто е понизок од надоместокот утврден во законот;
- Вклучување во веќе постоечки колективен постапувач за соодветниот тек на отпад;
- Обезбедување на дозвола за постапување со посебен тек на отпад од УЖС како самостоен постапувач.

Законите за посебните текови на отпад, како и предлог Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад ја утврдуваат ПОП како фискална одговорност која може да биде заменета само доколку производителот со сопствени средства обезбеди начин проширената одговорност да ја оствари.

Од досегашната примена на законите за посебните текови на отпад во Република Северна Македонија се евидентирани следните колективни односно самостојни постапувачи кои во име и за сметка на производителите ја спроведуваат проширената одговорност и тоа:

- Три колективни постапувачи со отпад од пакување (ПАКОМАК, ЕУРО-ЕКОПАК, ЕКО ПАКУВАЊЕ) кои имаат вклучено околу 40 % од вкупниот број на производителите што пуштаат производи на пазарот.
- Четири колективни постапувачи со отпад од електрична и електронска опрема (НУЛА ОТПАД, ЕКОН ЕЛЕКТРОН, ЕЛКОЛЕКТ и ЕЕС) кои имаат вклучено околу 48 % од вкупниот број на производители што пуштаат производи на пазарот.
- Три колективни постапувачи со отпад од батерии и акумулатори (ОБА РЕЦИКЛИРАЊЕ, НУЛА ОТПАД, ЕЛКОЛЕКТ) кои имаат вклучено околу 57 % од вкупниот број на производители што пуштаат производи на пазарот.
- Еден самостоен постапувач со отпад од батерии и акумулатори (ТАБ МАК – Пробиштип).

Колективните и самостојните постапувачи, врз основа на надоместоците што го собираат од производителите, во име и за сметка на производителите, ги остваруваат следните обврски: да

инвестираат во воспоставање на комунална инфраструктура (канти, контејнери, центри за собирање на отпад и сл.) на подрачјата на општините за собирање на посебните текови на отпад, да обезбедат транспортирање на селектираниот отпад до капацитети за складирање и да обезбедат соодветна преработка на отпадот. Дополнително, овие субјекти имаат обврска да спроведуваат активности на подигнување на јавната свест за постапување со посебните текови на отпад. Нивната обврска е сликовито прикажана на сликата подолу:




Законите ја утврдува ПОП како фискална одговорност која може да биде заменета само доколку производителот со сопствени средства обезбеди начин како истата да ја оствари.

Од досегашната примена на горенаведените закони во Република Македонија се евидентирани следните колективни односно самостојни постапувачи кои во име и за сметка на производителите ја спроведуваат проширената одговорност и тоа:

- Три колективни постапувачи со отпад од пакување (ПАКОМАК, ЕУРО-ЕКОПАК, ЕКО ПАКУВАЊЕ) кои имаат вклучено околу 40 % од вкупниот број на производителите што пуштаат производи на пазарот.
- Четири колективни постапувачи со отпад од електрична и електронска опрема (НУЛА ОТПАД, ЕКОН ЕЛЕКТРОН, ЕЛКОЛЕКТ и ЕЕС) кои имаат вклучено околу 48 % од вкупниот број на производители што пуштаат производи на пазарот.
- Три колективни постапувачи со отпад од батерии и акумулатори (ОБА РЕЦИКЛИРАЊЕ, НУЛА ОТПАД, ЕЛКОЛЕКТ) кои имаат вклучено околу 57 % од вкупниот број на производители што пуштаат производи на пазарот.
- Еден самостоен постапувач со отпад од батерии и акумулатори (ТАБ МАК – Пробиштип).

Воведувањето на проширената одговорност на производителот доведе до **пораст на економските активности во постапувањето со посебните текови на отпад.**

Имено, од податоците на МЖСПП може да се увиде дека околу 300 субјекти поседуваат дозволи за постапување со отпад од пакување и ги опфаќаат картонот, хартијата, метал и дрво. Половина од оваа броја имаат дозволи за складирање и третман, кои постапуваат и со другите видови на отпад. Во нашата држава постои само еден субјект за преработка на отпадните акумулатори, додека за другите видови на посебни текови на отпад, како што е електричната и електронската опрема, како и за батериите, односно преносните батерии, најчесто се спроведуваат активности на собирање и потоа собраните количини се извезуваат во најблиските преработувачки капацитети, најчесто Србија, Австрија и Бугарија.

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Воспоставениот систем на спроведување на ПОП создаде добра основа за искористување на посебните текови на отпад и со тоа намалување на количината на отпадот што се депонираше, како и зголемување на економските активности во собирањето и третманот на отпадот.
Имено, досегашното спроведување на овие закони покажа дека во Република Северна Македонија постои потенцијал за собирање на отпад што припаѓа на посебните текови, како негова соодветна преработка и рециклирање. Воедно, се покажа дека, покрај веќе наведените посебни текови на отпад, согледувајќи ги современите трендови, постои потенцијал за вклучување на други текови во системот на ПОП, како што се отпадните масла, отпадот од текстил, отпадните автомобилски гуми и слично. Воедно, се увиде дека досегашниот систем има одредени слабости кои се поврзани пред се со

постоење на услови на работа кои се различни за одделните текови на отпад што создава можност за нарушување на конкуренцијата и пазарот. Како слаба точка беше воочено и недоволното регулирање на работата на колективните постапувачи, особено во делот на начинот на користењето приходите што се остваруваат од надоместокот што го плаќаат производителите. Досегашното искуство покажа дека колективните постапувачи користат средства за сопствено рекламирање кое не се директно насочено кон подигнување на јавната свест за постапување со посебните текови на отпад, како што е промовирање на настани кои не се директно поврзани со управувањето со отпадот. Еден од проблемите што беше воочен е дека колективните постапувачи не инвестираат еднаков пропорционален износ од приходот што го остваруваат за воспоставување на комунална инфраструктура. Одделни колективни постапувачи инвестираат повеќе во однос на други колективни постапувачи, при што сите не придонесуваат еднакво со нивните можности во воспоставување на комунална инфраструктура за одделно собирање на посебенте текови на отпад.
Дополнително се утврди дека околу 40 % од производителите, иако имаат законска обврска да ја спроведуваат проширената одговорност, не се вклучени во ниту еден систем на колективен или самостоен постапувач. Иако во постојните закони јасно е наведено дека секој производител има задолжителна обврска да го плати утврдениот надоместок и се ослободува од неговото плаќање само како исклучок кога има склучено договор со колетивен постапувач, сепак од причина што овој надоместок не беше ставен под контрола на Управата за јавни приходи истиот не се почитуваше. Поради ова не постои добар инспекциски надзор над плаќањето на надоместокот што овозможува голем број на производители да бидат надвор од системот на контрола и да не ја исполнуваат својата обврска, со што вршат даночна евазија и го оштетуваат буџетот на Република Северна Македонија.
Дополнително, дел од производителите иако припаѓаа кон одреден колективен постапувач, сепак не ја исполнуваа во целост својата обврска за плаќање што како резултат ги доведува колективните постапувачи да немаат доволно средства да ги исполнуваат своите обврски.
Како надополнување на претходниот проблем, а заради потребата од зголемување на своите членови, колективните постапувачи имаат тенденција да ги намалуваат надоместоците за вклучување во своите системи, што резултираше со намалување на квалитетот на услугата што ја даваа колективните постапувачи.

Сета оваа состојба наметна потреба за подетално регулирање на работењето на колективните и самостојните постапувачи со посебните текови на отпад и воспоставување на единствени и јасни правила, како и подетално регулирање на нивната работа се со цел да се избегне можноста за нарушување на конкуренцијата и пазарот, како и да се зголемат количините на отпад што ќе се собере и преработи.

Значаен услов за спроведувањето на ПОП беше соработката со општините и склучување на договори за поставување на комунална инфраструктура и регулирање на меѓусебните обврски на општината и колективниот постапувач за собирање на посебните текови на отпад. Иако не е утврдено како обврска, градоначалниците одбиваа да склучат договори со повеќе од еден колективен постапувач,

што доведе до ситуација одделни колективни постапувачи да бидат спречени ја исполнат својата обврска за поставување на комунална инфраструктура согласно нивните можности. Дополнително, градоначалниците не чувствуваа одговорност да учествуваат во исполнувањето на националните цели за собирање, рециклирање и третман на отпадот на Република Северна Македонија, поради што не ги ангажираа сите потенцијали на општината во нивно исполнување.
Имајќи го значењето на проширената одговорност во остварувањето на циркуларната економија, во мај 2018 година Европската унија направи измена на Рамковната директива за отпад 2008/98/ЕУ со која ги воспостави основните принципи и елементи на ПОП, како и видот на одговорностите – обврските што производителот мора да ги финансираат и спроведуваат заради исполнување на проширената одговорност. Особено со измените на директивата се потенцира грижата за спречување на нарушување на конкурентноста на пазарот.

Сите горе наведени проблеми преставуваат пречка во подоброто управување со посебните текови на отпад, кои доколку не бидат решени на начин што ќе ги отстранат причините за нивното настанување постои опасност проширената одговорност на производителот да не биде спроведувана од сите производители. Ваквата ситуација би овозможила нарушување на конкуретноста и пазарот, како и ќе влијае негативно во исполнување на националните цели за собирање, рециклирање и третман на отпадот.

## 2. Цели на предлог регулативата

Со донесувањето на Закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад ќе се овозможи воспоставување на единствен функционален систем за регулирање на обврските за остварување на проширената одговорност на производителот во управувањето со посебните текови на отпад. Предложеното законско решение воспоставува исти правила и постапки за сите колективни и самостојни постапувачи, како во однос на нивното работење, така и во однос условите и начинот на добивање на дозвола за управување со посебен тек на отпад, водење на евиденција и известување, како и спроведување на активности за известување на јавноста и подигнување на јавната свест.

Воедно, ќе се создадат услови за воспоставување на системи за управување со посебните текови на отпад кои ќе овозожи:

- обезбедување на собирање на максимални количини на посебен тек на отпад и обезбедување на повторна употреба и најсовремена преработка на посебните текови на отпад, со цел постигнување на националните цели за собирање, преработка и рециклирање;
- обезбедување на еднакви услови за работа на производителите кои пласираат одделни производи на пазарот со чија употреба се создава отпад што припаѓа на посебните текови на

отпад со цел да го реализираат својот удел во спроведувањето на проширената одговорност на производителот;
- да се спречи во најголема можна мера влијанието врз животната средина од производите и посебните текови на отпад создадени со и по нивната употреба, преку обезбедување на висок степен на заштита на животната средина и здравјето на луѓето од една страна;
- обезбедување на непречено функционирање на внатрешниот пазар преку спречување на создавање на пречки во слободната размена на производи или нарушување на конкурентноста на внатрешниот пазар обезбедена согласно домашното и меѓународното законодавство, од друга страна;
- обезбедување на еднакви услови за работа на колективните односно самостојните постапувачи кои управуваат со посебните текови на отпад преку утврдување на единствени правила и постапки за нивно формирање и работење;
- обезбедување на неопходната транспарентност во работењето на производителите, односно колективните и самостојните постапувачи со посебните текови на отпад;
- обезбедување точни и ревидирани податоци за количината на производи што се пуштаат на пазарот во Република Северна Македонија,
- информирање на јавноста и подигнување на јавната свест за производите и видот на отпад што се создава со нивната употреба, за начинот на кој може граѓаните да се вклучат во управувањето со посебните текови на отпад, како и за влијанието на отпадот врз животната средина и здравјето на луѓето.

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо"

Опцијата не прави ништо ќе значи не донесување на Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад, при што ќе останат во примена постојните закони за посебните текови на отпад. Со ова ќе остане можноста за нарушување на пазарот, работата на колективните и самостојните постапувачи да биде регулирана различно за секој тек на отпад, како и одговорноста на градоначалниците да биде незначајно мала во остварувањето на националните цели за постапување со отпад. Дополнително, нема да постојат јасни правила на одговорности на субјектите кои се вклучени во собирањето и третманот на отпадот, што ќе доведе до намалување на можностите за понатамошен развој на економските активности во секторот отпад. И понатаму ќе постои можноста колективните и самостојните постапувачи сами да одлучуваат кој износ од својот приход ќе го потрошат на активности за подигнување на јавната свест, а кој износ на вопоставување на комунална инфраструктура. На овој начин, квалитетот на остварувањето на ПОП ќе биде различна согласно степенот на одговорност на секој одделен колективен односно самостоен постапувач.

3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

При подготовката на предлог законот беа разгледани две опции и тоа следните:

ОПЦИЈА 1 – Да се донесе нов Закон за проширена одговорност на производителите за управување со посебните текови на отпад со кој јасно ќе бидат утврдени обврските на производителите, како и на колективните и самостојните постапувачи со посебен тек на отпад.

Новиот закон јасно ќе ги дефинира обврските на производителите, особено на она што треба да ги финансираат заради остварување на проширената одговорност (ПО). Исто така ќе ја вклучи Управата за јавни приходи во контрола на остварувањето на ПО, особено во однос на плаќање на надоместокот и во спречување на можностите производителите да не бидат дел од системот на колективен или самостоен постапувач.

Со донесување на законот се ограничува на 7 % од приходот на колективниот и самостојниот постапувач кој може да биде потрошен на спроведување на активности за подигнување на јавната свест со што се спречува можноста средствата да се трошат на активности кои не се директно поврзани со управувањето со посебните текови на отпад. Дополнително, најмалку 30 % од приходот на колективниот и самостојниот постапувач треба да го потрошат на воспоставување на комунална инфраструктура со што ќе се избегне нееднаквото постапување на колективните и самостојните постапувачи.

Со новиот закон се зајакнува одговорноста на градоначалникот на општината, кој ќе биде должен да склучи договор со секој колективен односно самостоен постапувач кој му понудил можност за соработка, при што во договорот задолжително ќе бидат внесени целите кои треба да се остварат во однос на собирање на отпад од посебните текови.

Системот и условите за издавање на дозволите за колективен односно самостоен постапувач се изедначуваа и се водат преку единствена постапка без оглед на видот на текот на отпад, со што се создава еднаков третман на секој постапувач.

ОПЦИЈА 2 – Да се изврши измена на постојните закони за посебните текови на отпад.

Со оваа опција се предлага измена на секој закон од посебните текови на отпад одделно во кој ќе бидат предвидени одредби за вклучување на Управата за јавни приходи во контрола на надоместокот за проширена одговорност, како и ограничување на износот што колективниот односно самостојниот постапувач треба да го потроши за подигнување на јавната свест и за воспоставување на комунална инфраструктура.

Доколку се направат измени во постојните закони ќе значи повторување и регулирање на исти работи во повеќе закони, при што ќе биде отежнато постапувањето на надлежните органи. Воедно тоа ќе придонесе кон преголема регуларност на областа, односно ќе постојат повеќе прописи кои се

применуваат на една иста област што ќе биде потешко за субјектите да ги препознаат своите обврски. Со оваа опцијабласта на регулирање нема да биде регулирана на интегриран начин во еден пропис.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

***Опција 1 „Не прави ништо“***

### 4.1 Економски влијанија

Негативни влијанија:
И понатаму ќе остане простор за производителите да го избегнат вклучувањето во некој од колективните односно самостојните постапувачи (free riders) без при тоа да бидат откриени и санкционирани. Со неплаќањето на трошоците за ПОП ќе се создаде можност за нарушување на пазарот и појава на нелојална конкуренција. Дополнително, и понатаму ќе постои можност колективните или самостојните постапувачи да трошат поголем дел од своите приходи на јавни кампањи кои не се директно поврзани со подигнување на јавната свест за управување со посебните текови на отпад, и со тоа да се намалат средствата за инвестирање во комунална инфраструктура.

### 4.2 Фискални влијанија

Негативни влијанија:
Сегашното решение, без учество на Управата за јавни приходи во контрола на спроведувањето на проширената одговорност доведува до поголема можност на евазија на плаќањето на надоместокот за постапување со посебните текови на отпад, со што се намалува приходот во Буџетот на Република Северна Македонија.

### 4.3 Социјални влијанија

Негативни влијанија
Сегашната ситуација во која не е уреден минималниот износ кој треба да се плати за воспоставување на комунална инфраструктура резултира со помало количество на отпад кој се собира одвоено со што и се намалува можноста за развој на економските активности и нови вработувања во секторот за управување со отпад.
Непостоењето на доволна инфраструктура доведува до создавање на непрописни депонии и ѓубришта со што се намалува вредност на недвижните имоти, како и доведува до негативно влијание врз здравјето на луѓето кои живеат во нивната близина.

4.4 Влијанија врз животната средина

Негативни влијанија

Недоволната комунална инфраструктура придонесува кон помала активност на населението за одделно одлагање на отпадот, со што истиот најчесто завршува на улиците во урбаните или руралните средини и на тој начин ги нагрдува истите и негативно влијае врз природата. Дополнително, овој отпад завршува на депонии кои се уште не се изградени согласно пропишаните стандарди со што предизвикува негативно влијае врз животната средина, особено доведува до загадување на почвата и подземните води.

4.5 Административни влијанија и трошоци –

а) трошоци за спроведување

нема влијание

б) трошоци за почитување на регулативата

нема влијание

<u>ОПЦИЈА 1</u> – Да се донесе нов Закон за проширена одговорност на производителите за управување со посебните текови на отпад со кој јасно ќе бидат утврдени обврските на производителите, како и на колективните и самостојните постапувачи со посебен тек на отпад.

4.1 Економски влијанија

Позитивни влијанија

Опцијата на донесувањето на новиот закон нема да воспостави дополнителни трошоци за производителите од причина што обврската за ПО и сега постои и е уредена со законите за посебните текови на отпад. Донесувањето на законот јасно ќе ги утврди обврските на производителите што ќе придонесе кон поголемо почитување со што се смалува можноста истите да не бидат вклучени во системите на колективен или самостоен постапувач. На овој начин се зголемува износот на средства кој ќе биде наменет за управување со посебните текови на отпад, што ќе доведе до зголемување на економската активности поврзана со управување со отпад, особено на негово собирање, рециклирање и третман. Се очекува законот да ги поттикне активностите на циркуларна економија како резултат на кои ќе се креираат нови работни места, како и ќе се заштитат природните ресурси.

4.2 Фискални влијанија

Позитивни влијанија

Со новиот закон се очекува поголемо почитување на обврските на производителите за ПО, особено во однос на плаќањето на надоместокот, како и во вклучувањето во системите на колективен или самостоен постапувач. Како резултат на ова решение ќе се зголемат приходите во буџетот на РСМ кои преку Годишната програма за финансирање на управувањето со посебните текови на отпад што е предвидена во новиот закон ќе се користат за поттикнување на активности за искористување на отпадот. Воедно, со поголемата контрола што ќе биде воспоставена од УЈП ќе се обезбедат и повеќе средства за воспоставување на комунална инфраструктура што ќе придонесе кон намалување на трошоците на општините за нејзино воспоставување.

### 4.3 Социјални влијанија

Позитивни влијанија
Оваа опција позитивно ќе влијае на можноста за зголемување на вработеноста односно отварање на нови работни места поврзани со постапувањето со отпадот, со што ќе се влијае на намалување на стапката на невработеност.
Дополнително ќе се придонесе кон подигнувањето на јавната свест на населението за управување со отпад и за искористувањето на неговите компоненти.

### 4.4 Влијанија врз животната средина

Позитивни влијанија
Оваа опција ќе придонесе кон поголемо искористување на отпадот кој се создава од производите што населението секојдневно ги употребува. Со ова се спречува нивно депонирање и како резултат на тоа негативно влијание врз почвата и подземните води. Дополнително ќе се придонесе кон намалување на користењето на природните ресурси со што се обезбедува нивна заштита.
Спроведувањето на јавни кампањи кои се директно поврзани со управувањето со отпадот ќе придонесе кон поодговорно однесување на населението. Оваа промена правопропорционално се поттикнува со зголеменото поставување на комунална инфраструктура која дава поголема можност за полесно остварување на законска обврска на граѓаните за одлагање на отпадот на места кои се наменети за тоа.

### 4.5 Административни влијанија и трошоци –

а) трошоци за спроведување

Оваа опција ќе придонесе кон намалување на трошоците на администрацијата во УЖС за нејзино спроведување од причина што ќе се постапува согласно еден закон во кој постапките, формуларите и водењето на евиденција ќе бидат исти за сите текови на отпад и со тоа поедноставни. Сета ова ќе доведе до намалување на потребното време на администрацијата за спроведувањето на законот. Дополнително оваа опција не предвидува формирање на ново административно тело, односно законските обврски ќе се спроведуваат од веќе постојните органи.

Во спроведувањето на законот од оваа опција ќе биде вклучена Управата за јавни приходи (УЈП) која до сега немаше надлежност за постапување и контрола на спроведувањето на проширената одговорност. УЈП ќе има дополнителни трошоци околу следењето на тоа колку правните лица ги имаат исполнето обврските од ПО, што како обврска се наметнува при доставувањето на завршните сметки.

б) трошоци за почитување на регулативата

Позитивни влијанија
Оваа опција доведува до поедноставување на постапката за издавање на дозволи за колективен и самостоен постапувач, со што истата станува единствена за секој посебен тек на отпад, при што ќе се користат исти обрасци и услови. На овој начин се намалуваат трошоците и времето за добивање истите. Дополнително оваа опција создава можност во системот на проширена одговорност на производителот да се додаваат нови текови на отпад, без при тоа да се менува законот, како на пример отпадни гуми, текстил и слично.

<u>ОПЦИЈА 3</u> – Да се изврши измена на постојните закони за посебните текови на отпад односно секој закон да ја регулира постапката за издавање на дозволи.

4.1 Економски влијанија

Негативни влијанија
Опцијата да се направат измени на постојните односно во секој закон да се регулира постапката за издавање на дозволи и за учество на УЈП ќе предизвика дополнителни трошоци за економските оператори затоа што тие ќе треба да постапуваат и следат повеќе закони, и согласно секој треба да доставуваат одделни извештаи. Со ова потребното време, како и работна сила за спроведување на обврските се зголемува и ќе преставува дуплирање на напорите за почитување на законите.

4.2 Фискални влијанија

Влијанијата се исти како и во втората опција

4.3 Социјални влијанија

Влијанијата се исти како и во втората опција

4.4 Влијанија врз животната средина

Влијанијата се исти како и во втората опција

### 4.5 Административни влијанија и трошоци –

а) трошоци за спроведување

Негативни влијанија
Оваа опција ќе доведе до зголемување на административните трошоци затоа што за иста цел ќе се спроведуваат одделни постапки согласно секој закон. Особено постапките за издавање на дозволи за колективните и самостојните постапувачи ќе се врши со различни обрасци за секој одделен тек на отпад со што водењето на постапките ќе биде отежнато. Дополнително, УЖС ќе треба да води регистер на производители за секој одделен закон и со тоа се зголемува трошокот на водење на регистрите. Согласно погоре наведеното трошоците за спроведување на законите, како и трошоците за собирање на податоци и известувањата ќе се зголемат.

б) трошоци за почитување на регулативата

Негативни влијанија
Оваа опција предизвикува зголемување на трошоците заради воспоставување на обрасци за издавање на дозволи колективни и самостојни постапувачи согласно секој закон посебно. Ќе се зголемат и трошоците за обука на кадарот за да може да се извршуваат задачите согласно секој закон. Дополнително, доколку во системот на ПОП се сака да се вклучи дополнителен тек на отпад, тогаш е потребно да се носи нов закон со што непотребно се оптоварува правниот систем за управување со отпад на Република Северна Македонија.

## 5. Консултации

### 5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

Нацрт текстот на законот е објавен и на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање и на ЕНЕР.
Во рамките на ИПА Твининг проектот за спроведување на рамковната директива за отпад и посебните текови на отпад беа формирани повеќе работни групи во рамките на кои беа разгледувани нацрт текстот на законот беше доставен на мислење и беше повеќе пати разгледуван.
Нацрт текстот е доставен на мислење до:

1. Органи на државна управа :

- Министерство за економија;
- Министерство за финансии;
- Министерство за правда;
- Министерство за информатичко општество и администрација;
- Заменик претседател на Владата на РМ задолжен за економски прашања;
- Царинска управа на Република Македонија;
- Управа за јавни приходи
- Инспекциски Совет;
- Државен инпспекторат за животна средина;
- Државен пазарен инспекторат.

2. Единици на локална самоуправа
   - ЗЕЛС (Заедница на единици на локална самоуправа).
3. Стопански Комори
   - Стопанска Комора на Република Македонија;
   - Сојуз на Стопански комори и
   - Стопанска Комора на Северозападна Македонија.
4. Колективните постапувачи со отпад и
5. Невладини организации кои делуваат во полето на заштитата на животната средина.

На 27 ноември 2019 година презентација и јавна расправа со невладиниот сектор.
На 17 ноември 2019 година уште една јавна расправа со Стопанска комора.
На 18 ноември 2019 година јавна расправа со единици на локална самоуправа и општа јавност.

5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

Добиените мислења се дадени во табела која е дадена во прилог на овој Изввештај

5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

Кој мислења се земени во предвид е дадено во табела која е дадена во прилог на овој Извештај.

## 6. Заклучоци и препорачано решение

6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

***ОПЦИЈА* „Не прави ништо"**

Опцијата „не прави ништо"е неприфатлива, бидејќи има најмногу негативни влијанија и не доведува до решавање на проблемите поврзани со остварување на проширената одговорност на производителот.

Доколку остане оваа опција се зголемуваат можностите за нарушување на пазарот, колективните и самостојните постапувачи да го користат поголем дел од своите приходи на трошоци кои не се директно поврзани со управувањето со отпадот и со тоа помалку да инвестираат во воспоставување

на комунална инфраструктура за управување со отпад. Особено негативното влијание се согледува од фактот што и понатаму ќе постои можноста за производителите да не ја исполнуваат својата обврска за проширена одговорност, а при тоа да не бидат лесно пронајдени од инспекциските служби. Сето ова ќе има негативно влијание врз животната средина на начин што намалената инфраструктура и помалите средства ќе придонесуваат да се собира помалку отпад, поголема количина на отпад ќе биде отстранет на депониите, а тоа доведува до поголемо загадување и зголемено користење на природните ресурси.

*ОПЦИЈА 1 –*

Да се донесе нов Закон за проширена одговорност на производителите за управување со посебните текови на отпад со кој јасно ќе бидат утврдени обврските на производителите, како и на колективните и самостојните постапувачи со посебен тек на отпад.

Оваа опција во анализата се покажа најповолна затоа што има позитивно влијание во сите аспекти. Во економскиот дел не наметнува дополнителни трошоци за производителите, но значително ја намалува можноста истите да го избегнат исполнувањето на обврските за проширена одговорност. Со ова се поттикнуваат економски активности поврзани управувањето на отпадот.

Дополнително оваа опција ќе обезбеди поголеми средства за воспоставување на комунална инфраструктура со што ќе се намалат трошоците на општините, а ќе се зголемат можностите на граѓаните да постапуваат со отпадот согласно законските прописи.

Од социјален аспект, опцијата позитивно ќе влијае на зголемување на вработеноста, како и кон подигнување на јавната свест на населението за управување со отпад. Позитивните влијанија во животната средина се огледаат во поголемо искористување на отпадот како ресурс и со тоа се заштитуваат природните ресурси, како и се намалува количината на отпад што ќе заврши на депонија. Трошоците за спроведување на законот се намалуваат затоа што постапките се уеднaчуваат со воведување на исти правила за добивање на дозволи за колективните и самостојните постапувачи без оглед за кој тек на отпад станува збор, како и се создава можност во системот на проширена одговорност да се додаваат нови текови на отпад од веќе постојните.

**ОПЦИЈА 2 -** Да се изврши измена на постојните закони за посебните текови на отпад односно секој закон да ја регулира постапката за издавање на дозволи.

Оваа опција во однос на дадените решенија може да биде прифатена затоа што има иста цел како и втората опција, сепак истата создава состојба на преголема регулираност и правно уредување на исти работи во повеќе закони. Ваквиот систем ќе доведе до обременуваме на постапките на добивање на дозволи за колективниот и самостојниот постапувач со различни обрасци, како и известувањето ќе се врши на различни обрасци, што доведува до оптеретување како на економските оператори, така и на администрацијата.

Негативните влијанија особено се изразени во зголемување на трошоците на администрацијата за спроведување. Дополнително, доколку во системот на ПОП се сака да се вклучи дополнителен тек на

отпад, тогаш е потребно да се носи нов закон со што непотребно се оптоварува правниот систем за управување со отпад на Република Северна Македонија.

### 6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

Најголемиот ризик на ОПЦИЈА 1 е ограничените можности за надзор на надлежните органи што се предвидени во сегашната регулатива при што постои голем простор производителите да не ги почитуваат своите обврски и со тоа можноста за нарушување на пазар се зголемува.
Ризикот на ОПЦИЈА 3 е во фактот што преобемната регулатива ќе биде потешко да се применува и ќе доведе до зголемување на можноста за нееднаков третман на колективните и самостојните постапувачи.

### 6.3 Препорачано решение со образложение

Препорачано решение е ОПЦИЈА 2 - Да се донесе нов Закон за проширена одговорност на производителите за управување со посебните текови на отпад со кој јасно ќе бидат утврдени обврските на производителите, како и на колективните и самостојните постапувачи со посебен тек на отпад при што постапката за издавање на дозволи ќе биде иста за сите текови на отпад, како и износот на трошокот за подигнување на јавната свест и за изградба на комунална инфраструктура ќе бидат јасно дефинирани.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### 7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

Со цел да се воспостави добар систем на проширена одговорност потребно е да се изменат законите за посебните текови на отпад, односно потребно е да се донесат нови од причина што одделни решенија од овие закони се интегрираат во Законот за проширена одговорност на производителите за управување со посебните текови на отпад. Со ова законите за посебните текови на отпад ќе бидат поедноставени и ќе ги регулираат само прашањата кои се специфични за секој посебен тек на отпад.

### 7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

Потребно е да се донесат следните подзаконски акти и тоа:

1. Методологијата за пресметување на вкупната количина на производи што се пуштаат на пазар во претходната година за секој одделна група и вид на посебен тек на отпад;
2. Правилник за пропишува формата и содржината на барањата за упис во регистарот, формата и содржината на Регистарот за производители со проширена одговорност, начинот на чување и одржување на регистарот, како и формата и содржината на потврдата за регистрација;

3. Правилник за формата и содржината, како и начинот на составување и доставување на изјавата за исполнување на проширената одговорност за управување со посебен тек на отпад;
4. Правилник за формата, содржината и образецот на барањето за издавање на дозволата за тек на отпад;
5. Правилник за формата, содржината и образецот на изјавата и на Дозволата за тек на отпад;
6. Правилник за формата и содржината на образецот на извештајот за количината и видот на тек на отпад со кои постапил правното лице што врши складирање на отпад, а која ја евидетнирало како количина за одделен колективен односно самостооен постапувач;
7. Правилник за формата, содржината и образецот на кварталниот извештај и на Годишниот извештај;
8. Правилник за начинот на изработка, составување и потврдување на податоците на Ревизијата на годишниот извештај;
9. Правилник за видот на активностите за информирање на јавноста и подигање на јавната свест за управување со посебните текови на отпад кои можат да бидат спроведени од колективниот односно самостојниот постапувач и кои можат да бидат прикажани како трошок во Годишниот извештај;
10. Правилник за формата и содржината на извештајот на градоначалникот на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје за постигнување на целите утврдени во договорот со колективниот односно самостојниот постапувач;
11. Упатство за содржината на базата на податоци, начинот на формирање, евидентирање, обработка, чување и доставување и работење на базата на податоци на колективните односно самостојните постапувачи;
12. Правилник за формата, содржината и образецот, како и начинот на водење на Регистарот за колективни и самостојни постапувачи;
13. Програма за управување со посебните текови на отпад;

## 7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување

Надлежни за спроведување на предложената опција се:
- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Управа за животна средина
- Државен инспекторат за животна средина
- Општини и градот Скопје

## 7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

Заради спроведување на законот неопходно е да се воспостави електронски систем на доставување на податоци од страна на колективните и самостојните постапувачи, како и од страна на производителите. Воедно, неопходно е да бидат спроведени информативни кампања за промовирање на обврските на производителите, на органите на локална самоуправа, бизнис секторот и граѓаните, кои произлегуваат од Законот за проширена одговорност на производителите за управување со посебните текови на отпад.

## 8. Следење и евалуација

### 8.1 Начин на следење на спроведувањето

Спроведувањето на законот ќе се врши од страна на надлежните институции и тоа:

- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Управа за животна средина
- Државен инспекторат за животна средина.

Министерството за животна средина и просторно планирање со Управата за животна средина по завршување на третата година од влегувањето во сила на Законот, ќе направи анализа на степенот на исполнување на предвидените индикатори дадени во точка 8.2 од овој извештај односно:

- дали ќе биде донесена Програмата за управување со посебните текови на отпад;
- колку средства ќе бидат остварени од надоместоците што се плаќаат согласно прописите за посебните текови на отпад;
- дали ќе биде донесена Годишната програма за финансирање на управувањето со посебните текови на отпад;
- дали ќе биде спроведен конкурсот за доделување на средства од годишната програма за финансирање и колку средства ќе бидат доделени;
- колкав ќе биде бројот на производители што се регистрирале во Регистарот на производители за приширена одговорност;
- колку колективни односно самостојни постапувачи добиле дозвола за постапување со посебен тек на отпад;
- дали е донесе Закон за формирање на посебно тело за водење, валидизирање и израмнување на податоците за управување со посебните текови на отпад.

Министерството за животна средина и просторно планирање и Управата за животна средина потребно е да го следат исполнувањето националните цели и најмалку два пати годишно ќе одржуваат состаноци со здруженијата кои ги застапуваат интерестите на колективните и самостојните постапувачи и здруженијата кои ги застапуваат интересите на економските оператори кои постапуваат со отпад.

8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Евалуација на ефектите од имплементација на регулативата ќе се следат врз основа на поставените индикатори за следење и тоа:

- Донесување на Програмата за управување со посебните текови на отпад;
- Износот на средствата што ќе бидат остварени од надоместоците што се плаќаат согласно прописите за посебните текови на отпад;
- Донесување на Годишната програма за финансирање на управувањето со посебните текови на отпад;
- Спроведување на конкурсот за доделување на средства од годишната програма за финансирање и колку средства ќе бидат доделени;
- Бројот на производители што се регистрирале во Регистарот на производители за проширена одговорност;
- Бројот на колективни односно самостојни постапувачи кои добиле дозвола за постапување со посебен тек на отпад;
- Донесување на Закон за формирање на посебно тело за водење, валидизирање и израмнување на податоците за управување со посебните текови на отпад.

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:______________** ..................................................

**потпис на државен секретар**

**Каја Шукова**

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:_____________** ...........................................

**потпис на министерот**

**Naser Nuredini**

| ПРЕДЛОЗИ И ЗАБЕЛЕШКИ ПО ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД | |
|---|---|
| Предложени измени | Прифатени /Одбиени (причини) |
| **ЗАКОН ЗА ПРОШИРЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕБНИТЕ ТЕКОВИ НА ОТПАД** | |
| **ЕВН групација Скопје** | |
| член 25 (5), (6), (7), (8) и (9) Неисполнување на обврските на колективниот постапувач за проширена одговорност не треба да влијае на договорните производители. Солидарна одговорност е неприфатлива, договорните производители не треба да бидат одговорни со свои сопствени средства. Санкциите треба да бидат подмирени од страна на колективниот постапувач. За да се избегнат вакви ситуации, колективниот постапувач треба да има резервен фонд во случај на неисполнување на обврските дефинирано во статутот на колективниот постапувач. | Коментарот не се прифаќа<br><br>Основната обврска на законот е да воспостави одговорност на производителот, која пред се е фискална, односно производителот што пуштил на пазар производи што создаваат отпад е должен да плати соодветен надоместок утврден со посебниот закон. Со Законот за ПОПУПТЕ, како и со посебните закони, се дава можност проширената одговорност наместо со плаќање на соодветен надоместок, да се оствари со воспоставување на систем за собирање на отпадот што настанува од производите преку организирање во колективни постапувачи. Согласно ова, колективните постапувачи ја преземаат обврската за исполнување на проширената обврска од производителите, но не и одговорноста во целост. Ова значи, дека производителот е примарно одговорен за остварување на проширената одговорност, поради што мора да внимава дали колективниот постапувач, кој работи во негово име и за негова сметка, ги исполнува обврските согласно законите. Со овие одредби ќе се оневозможи колективните постапувачи да бидат само организации кои прибираат средства, а при тоа нема да ги исполнуваат обврските во целост. Воедно со овие одредби ќе се спречи производителите да имаат само примарна цел да влезат во колективен постапувач кој нуди најниска цена, туку ќе бидат стимулирани да влегуваат во квалитетни системи кои се управувани од одговорни колективни постапувачи. |
| член 31 (7) Обврската за неисполнување на националните цели треба да биде на колективниот постапувач од средствата кои се уплаќаат од страна на производителите. Производителите кои имаат договори со колективен постапувач, редовно водат евиденција на количините и плаќаат надоместоци и при неостварување на целите повторно ќе треба да платат за веќе платен надоместок | **Коментарот делумно се прифаќа.**<br>Во ставот 7 од членот 31 е наведено дека обврската за плаќање на надоместокот е на колективниот постапувач доколку не успее да ги исполни целите за 5% или помалку. При тоа, во вториот дел од реченицата се вели дека колективниот постапувач е должен, за неисполнетиот дел од целта, да плати износ кој одговара на износот што на него му го плаќа производителот. Не станува збор за некое дополнително плаќање кој треба да го плати производителот, туку обврската е целосно на колективниот постапувач и надоместокот се плаќа од неговите средства. Текстот на ставоте допрецизиран во оваа насока. |
| член 31 (10) Започнување на постапка за одземање на дозволата после 2 последователни години неостварување на целите повеќе од 5% е предолг период бидејќи за тој перид | **Коментарот не се прифаќа.**<br>Колективните постапувачи се смета дека треба да имаат доволно време да ги надминат проблемите за една година. Воедно, со ова се остава и можност производителите да преземат мерки за да ја подобрат состојбата со |

| | |
|---|---|
| производителите уплаќаат надоместоци, а целите не се остварени и следат санкции. | колективниот постапувач или пак го променат управувањето. МЖСПП е на ставот во случај да е рокот пократок нема да се даде можност за колективниот постапувач да ги преземе сите потребни мерки за подобрување на работата и сопствено рехабилитирање, што ќе доведе до ситуација на несигурност, особено за производителите кои би требало на кратки рокови да ги менуваат колективните постапувачи. |
| член 35 Постигнување на националните цели со доброволно договарање<br>Која е целта на овој член? Што се постигнува со склучување на доброволен договор за исполнување на националните цели помеѓу колективните постапувачи и министерството и/или Владата? Колективниот постапувач со изработка на Програмата за остварување на проширената одговорност го информира министерството за постигнување на начинот на остварување на националните цели. | Доброволното договарање е правен инструмент кој овозможува на државата со одделни чинители да склучат договор заради постигнување на цели кои се повисоки од законски утврдените. При тоа со договорите може да се предвидат одредени привилегии, владини поддржување или финансирања заради остварување на постигнатите цели. Доставените програми и целите утврдени во нив преставуваат законска обврска на колективните постапувачи. Но доколку постои волја за постигнување повисоки цели од двете страни, тогаш може да се склучи доброволен договор во кој владата може да утврди одредни субвенции за возврат на поголема количина на отпад кој ќе се собере и преработи. |
| член 38 (2) Со ограничување на најниска цена на надоместоците кои ги дефинираат колективните постапувачи, автоматски се зголемува трошокот на производителите. Оваа мерка е демотивирачка за оние производители кои и до сега се вклучени во колективните системи и ги исполнуваат барањата на законите, а сега се оптоваруваат со поголеми трошоци. Со оваа мерка не се постигнува поголема вклученост на оние производители кои не се во ниеден систем. Критериумот за зголемување на надоместоците воопшто нема да ги привлече компаниите кои не пријавуваат производи/опрема до сега и кои не плаќаат надоместоци. | <u>**Коментарот не се прифаќа.**</u><br>Воведувањето на најниската цена е резултат на анализата на досегашното работење на колективните постапувачи и грижата на производителите во остварувањето на проширената одговорност. Имено се увиде дека поголем број од колективните постапувачи заради привлекување на повеќе производители се насочија кон намалување на цените за членување отколку кон подобрување на услугите. Дополнително, производителите беа повеќе привлечени кон членување и вклучување во системи на колективни постапувачи кои имаат пониски цени, наместо да ги бираат оние кои даваат подобри услуги. За да се спречат ваквите појави, како и да се озбезбеди поголема стабилност на пазарот, се одлучи да се воведат најниски цени, кои претставуваат одлука што произлегува од сегашната состојба. Дополнително, производителите имаат обврска да го финансираат системот со управување со отпадот и да ја пријавуваат опремата/производите, така што тоа не претставува ниевен избор. |
| член 39 (4) Со овозможување на колективните постапувачи да можат да дадат попуст на одредени производители имаме нарушување на конкурентност на пазарот, нелојална конкуренција и простор за манипулации и малверзации. Целта е сите производители имаат еднаков третман од страна на колективните постапувачи, а доколку уделот на одредени производители е поголем, и надоместоците ќе бидат повисоки. Вака, тие што имаат поголем удел во количината на отпад на пазарот, наместо | <u>**Коментарот не се прифаќа.**</u><br>Дадената опција произлегува од сегашната пракса и има за цел нејзино подобрување. Најпрво, дадениот попуст за поголемите производители произлегува од фактот што колективниот постапувач ќе има помал трошок за собирање на ист вид на отпад кој има исти извори и текови на создавање. Поради ова се овозможува на колективниот постапувач да даде пониска цена. Ова е воедно во согласност со начелото на загадувачот плаќа.<br>Можноста за пониска цена за основачите е дадена со цел да се стимулира производителот да биде дел од колективен постапувач како основач со цела одговорност |

| | |
|---|---|
| повеќе, ќе плаќаат помалку во однос на другите.<br>Основачите како членки на колективниот постапувач имаат своја улога со следење на работата на колективниот постапувач, остварување на бизнис план, контрола на приходи/расходи, остварување на националните цели, но во никој случај не треба да имаат повластени цени за отпадот кој го пласираат на пазарот. | со што би имал поголема контрола во неговата работа. Воедно, производителот основач има обврска да го даде почетниот капитал за основање на колективниот постапувач, што како трошок го немаат другите производители. |
| **Асоцијацијата за посебни текови на отпад при Стопанската комора на Македонија** | |
| **Член 5, став (5)**, производителот има обврска да обезбеди собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање на посебните текови на отпад согласно неговиот удел на пазарот а не максимални количини. | **Коментарот се прифаќа и е соодветно внесен.**<br>Зборот максимална количина што е употребен е со значење што е уредено со овој закон и прописите утврдени со посебните текови на отпад. Точката 5 од член 5 се однесува на утврдување на дефиниција за производителот, но не и за утврдување на целите за собирање, рециклирање и преработка. Со зборот максимална се настојува производителот да биде стимулиран да постигне максимални количини на собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање на посебните текови на отпад согласно својот удел на пазарот, секако останува и можноста доколку може, да преземе обврски повеќе од она што е законски утврдено како обврска. |
| **Член 5, став (9)**, дефиницијата на посебна цел за управување со отпад не се споменува никаде понатаму во овој закон но истата би била многу корисна и соодветна да се стави во дефинициите на посебните закони (пакување, ОЕЕО, ОБА и дополнителни текови на отпадот). | **Коментарот делумно се прифаќа.**<br>Со оваа дефиниција се упатува дека целта ќе биде утврдена во посебните закони. Сепак, во овој закон попрецизно ќе бидат утврдени упатувањата кои се однесуваат на постигнување на посебните цели за управување со отпад. |
| **Член 8**, дефинира одговорност за постигнување научни достигнувања. Ве молиме за појаснување од каде е ова воведено и што се очекува од овој член? | Членот 8 произлегува од воведот на измените на Рамковната директива за отпад од 2018 година во која се истакнува потребата производителите да вложат во научни истражувања кои ќе имаат за цел намалување на отпадот што се создава од нивните производи, и дека тие истражувања ќе ги споделат со други лица со цел намалување на создавање на отпад. |
| **Член 13,** став (2), уредува дека секој производител е должен да учествува во постигнувањето на националните цели во тековната година со количина која е | **Коментарот се прифаќа**<br>Ставот 2 од членот 13 е соодветно коригиран.<br><br>(1) Секој производител е должен да учествува во постигнувањето на националните цели за собирање, |

| | |
|---|---|
| најмалку еднаква на односот на неговиот удел во вкупната количина на производите пуштени на пазарот. Сметаме дека зборот „односот“ треба да се исфрли затоа што е нејасно за каков однос на уделот станува збор и ставот да гласи: „секој производител е должен да учествува во постигнување на националните цели во тековната година со количина која е најмалку еднаква на неговиот удел во вкупната количина на производите пуштени на пазарот“ | повторна употреба, преработка и рециклирање на посебните текови на отпад во тековната година со количина која е најмалку еднаква на неговиот удел во вкупната количина на производите што се пуштени на пазарот во Република Северна Македонија во претходната година кои припаѓаат на ист вид или категоријата на производи утврдени во прописите за посебните текови на отпад. |
| **Член 17, став (1)** ги регулира обврските за финансирање на проширената одговорност на производителот. Предлагаме да се брише ставот "трошоци поврзани со осигурување на штета врз трети лица". Сметаме дека треба да има финансиска гаранција, но не и осигурување бидејќи не е јасно што се осигурува и нема таков производ од осигурителните куќи кај нас. Уште повеќе, не е јасно за колкав трошок се работи. | Коментарот се прифаќа |
| **Член 18, во став (4) и став (7)**, зборот "изјава" за остварување на проширената одговорност за управување со посебен тек на отпад, се замени со "потврда од колективен постапувач или МЖСПП за платен надоместок за постапување со отпад од посебен тек во годината за која се доставува завршната сметка". Со ова сметаме дека драстично ќе се намали бројот на компании кои не плаќаат никаде за управување со посебен тек на отпад кој го создаваат, а со тоа ќе се зголеми финансирањето на селектирањето и рециклирањето. | **Коментарот** се прифаќа<br>Направена е соодветна корекција во наведениот член. |
| **Член 22** го дефинира барањето за добивање на дозвола за Колективен односно самостоен постапувач.<br>Предлагаме **да се избрише став (2), алинеја 5** во кој се бара доказ за | **Коментарот се прифаќа.** |

| | |
|---|---|
| осигурување бидејќи сметаме дека е непознат производ на нашиот пазар за осигурување и непотребен, со оглед дека членките за колективниот постапувач ги подмируваат колективно и солидарно сите трошоци кон трети лица по основ на казни. | |
| **Член 24, став (2)** регулира кои може да се основачи на колективен постапувач. Предлагаме производителот-основач да докаже дека е релевантен субјект за основач, со приложување на потврда/доказ дека плаќал надоместок кон некој субјект (друг колективен или МЖСПП) во изминатите 3 години, а ако се нова компанија, информација за брендовите и очекуваната продажба во следните 3 години. | **Коментарот не се прифаќа.**<br>Регистрацијата на колективните постапувачи се врши во Централниот регистар на Република Северна Македонија, која нема надлежности да утврдува дали некој ги исполнил своите обврски како производител во претходните години. Воведувањето на вакво барање би ја отежнала постапката за регистрација на колективните постапувачи. |
| **Член 25** дефинира осигурување за управување со тек на отпад на Колективниот постапувач. Предлагаме целиот **член 25 и член 27 да се избришат,** од причини наведени погоре во измените на член 22. Финансиската гаранција основачкиот паричен влог се доволни за да се минимизира можноста за штети, особено што и членовите на колективниот постапувач солидарно ги делат евентуалните трошоци за казни. | **Коментарот се прифаќа.** |
| **Член 28** налага обврска на обезбедување на финансиска гаранција. Ова е во ред, но кај делот на наплата од финансиската гаранција (став 9) има мала колизија со член 31. Треба да се усогласи по која пресметка ќе се наплаќа казната.<br><br>На пример, националата цел е 60%, а се исполнат 45%, пресметката би била:<br><br>(тројно) 3 x 15% = 45% од висината на финансиската гаранција? Ако е фин.гаранција 50.000 ЕУР, дали ќе се наплатат 45% x 50.000 = 22.500 еур? Ако | **Коментарот не се прифаќа.**<br>Во членот 28 е утврдено дека финансиската гаранција се наплаќа тогаш кога целите не се постигнати за најмалку 5% или повеќе, односно со ставот 9 се утврдува начинот на пресметка при што доколку не се исполнети целите за 30 % или повеќе целата финансиска гаранција се наплатува. Направената пресметка е точна.<br><br>Разликата во членот 31 се однесува на процентот на неисполнување на целите при што колективниот постапувач е должен во двоен износ да ја плати разликата во количините на непостигнатите цели кога тие не се постигнати до 5% или помалку.<br><br>Како заклучок, ако колективниот постапувач не ги постигне целите за 5 % или повеќе тогаш се активира финансиската |

| | |
|---|---|
| одговорт е ДА, тогаш не треба пресметката во чл. 31. Ако одговорот е НЕ, тогаш да си остане пресметката од чл.31, став 8 , а ова е само гаранција дека ќе се плати и став (9) од член 28 да се брише. | гаранција, а доколку не ги постигне целите до 5 % или помалку тогаш колективниот постапувач плаќа двоен износ на разликата. Станува збор за два различни видови на заштита кои се применуваат во зависност од тоа дали целта е неисполнета помалку од 5% или повеќе од 5 %. |
| Во став (4) од овој член се врши преименување на транспортните и идентификационите формулари во „формулари за пренос“ на отпад. Заради униформност на рамковниот со законите за управување со посебни текови со отпад предлагаме да се користи терминот „транспортни и идентификациони формулари“. | **<u>Коментарот се прифаќа.</u>**<br>Направена е соодветна промена. |
| **Член 31** го одредува постигнувањето на националните цели за управување со отпад од страна на Колективниот постапувач. Предлагаме во став (3) производителот да доставува МЕСЕЧЕН извештај до колективниот, а не квартален како што е предложено во ПОП. Имено, производителите и сега го прават месечно, а во спротивно ќе се наруши ликвидноста на колективниот постапувач. | **<u>Коментарот се прифаќа.</u>**<br>Предложеното е законски минимум што не ги спречува колективните постапувачи со договорот за производителите да утврдат услови за доставување на месечни извештаи од производителите. |
| **Член 35** предвидува доброволно договарање. Што е целта на овој член и на какви договори се мисли? | Доброволното договарање е правен инструмент кој овозможува на државата со одделни чинители да склучат договор заради постигнување на цели кои се повисоки од законски утврдените. При тоа со договорите може да се превидат оддрени привилегии, владини поддржување или финансирања заради остварување на постигнатите цели. Доставените програми на колективните постапувачи и утрдени целите во нив преставуваат законска обврска на колективните постапувачи. Но доколку постои волја за постигнување повисоки цели од двете страни, тогаш може да се склучи доброволен договор во кој владата може да утврди одредни субвенции, поддршка на секторот за рециклирање, или намалување на одредени давачки како за возврат би се постигнала поголема количина на отпад кој ќе се собере и преработи. |
| **Член 36** го дефинира Годишниот извештај. Да се усогласат годишните извештаи кои треба да се доставуваат со годишните извештаи со посебните текови, во | **<u>Коментарот делумно се прифаќа.</u>**<br>Годишните извештаи во посебните закони содржат и други барања кои се согласно барањата на предметните директиви и кои одговараат на видот на отпад. Годишните извештаи во овој закон имаат генерална рамка која е заедничка за сите видови на отпад.. |

| | |
|---|---|
| содржината и формата и бараните податоци. | |
| **Член 39** го појаснува финансирањето на работата на колективниот постапувач.<br><br>Во **став (4)** се наведува дека колективниот постапувач може да даде попуст на договорни производители кои имаат удел поголем од 20%, како и на основачите на колективниот постапувач, при што попустот не смее да го надмине износот од 30 % од висината на надоместокот утврден во прописот за посебниот тек на отпад согласно член 38 став (2) од овој закон.<br><br>Пр.Ако законскиот надомест е 7200 ден/тон, надоместот на колективниот не смее да биде под 30% од тоа односно 2.160 ден/т. На ова, основачите би имале уште 30% попуст односно 1.512 ден/т.? Ве молиме за потврда на пресметкава. | <u>**Пресметката е точна.**</u> |
| Во **став (7)**, се предвидува од средствата собрани од надоместокот од член 38 од овој закон, колективниот постапувач најмалку 30 % да ги потроши во создавање на инфраструктура за собирање на отпадни производи и/или посебен тек на отпад. Бидејќи говориме за минимум, предлагаме овој процент да биде 15%, бидејќи трошоците за собирање и транспорт ќе растат секоја година, а инфраструктурата купена еднаш стои во функција барем 5 години. Колективниот постапувач може да потроши и 30-50% од приходите во првите години, кога е на почеток на создавање мрежа за селекција, но ние дефинираме минимум и затоа предлагаме понизок праг. | <u>**Коментарот се прифаќа.**</u><br>Ставот е комплетно преработен при што трошоците за инфраструктурата, заедно со оние за собирање, преработка и рециклирање, односно отстранување кога е неопходно,се зголемени на 65%. |
| **Член 41** ја дефинира обврската за подигање на јавната свест на Колективниот постапувач, каде во **став (1)** се налага најмалку 5% но, не повеќе од 7 % од вкупно остварениот приход од претходната година да потроши на активности за информирање на јавноста и подигање на јавната свеста за | <u>**Коментарот делумно се прифаќа**</u><br>Во членот 41 е додаден нов став 6 кој уредува што ќе се смета за трошок за подигнување на јавна свест: “(6) Видот на активностите за информирање на јавноста и подигање на јавната свест за управување со посебните текови на отпад кои можат да бидат спроведени од колективниот односно самостојниот постапувач од ставот (1) односно ставот (2) на овој член, и кои можат да бидат прикажани |

| | |
|---|---|
| да го поттикне интересот за управување со отпад, одделното собирање и рециклирање на посебните текови на отпад се со цел да се постигнат повисоки стапки на исполнување на националните цели.<br><br>Ова според нас е во ред, но треба да се прецизира што е тука точно признаен трошок во тие проценти. На пример, дали во овие трошоци се пресметува и трошокот за маркетинг агенцијата, печатењето на материјали, поддршка на настани/фестивали каде одат едукативни пораки за деца, печатењето налепници за на контејнери и канти. Предлагаме да се специфицираат точно ставките кои се признаваат во тие 5%, но исто така предлагаме **да се зголеми горниот праг на 15% од прометот**, особено ако се земе в предвид фактот дека подигањето јавна свест е една од 3-те основни функции на колективниот постапувач, покрај поставувањето инфраструктура за селекција на отпадот и собирањето и транспорт на отпадот. | како трошок во Годишниот извештај од член 36 од овој закон со упатство ги пропишува министерот.<br><br>Коментарот во однос на зголемување на % за подигнување на јавната свест на 15 % не се прифаќа , но направена е корекција во законот и истиот е утврден на 10%. |
| Во истиот член 41, **став (3)**, се наведува дека активностите за информирање и подигнување на јавната свест не смеат да се употребуваат како реклами за колективниот постапувач со цел придобивање на дополнителни договорни производители, ниту како реклама за самостојниот постапувач. Дали ова значи дека не смее реклами кон фирми Б2Б, туку само кон население? Дали на пример заедничка кампања со бренд на клиент (пр. заедничка акција за чистење) се смета како дозволена активност за информирање и подигање на јавната свест? Молиме за Ваш одговор по овој став од член 41. | Намерата на овој член е да не постои реклами кон фирми како Б2Б или спонзорирање на концерти или други настани во кои нема активности за подигнување на јавната свест за управување со отпад. Заедничка кампања со бренд на клиент се претпоставува дека ќе биде прифатливо, сепак конечната одлука ќе биде допрецизирана со упатство кое ќе биде донесено согласно член 41 од законот. |
| **Член 51, во став (1), алинеја 4**, да се замени зборот "изјавите" со зборот | **Коментарот се прифаќа.** |

| | |
|---|---|
| "**потврдите**", во согласност со реалноста и барани промени во претходните членови | |
| **Член 67** во преодни одредби, предлагаме внесување на нов став во кој ќе се регулира дека при регистрација на производителите треба да достават потврда за платен надоместок за претходните години од започнување на примена на одделните закони за посебни текови на опадот. На ваков начин ќе се казнат сите оние производители кои се регистрирале согласно законите но, не постапувале во минатото. | **<u>Не се прифаќа, не е јасна целта на ова предложено решение и како истото да се постигне.</u>** |
| **Член 70** предлагаме да се избрише бидејќи ќе направи забуна и отвори можност за манипулации со кои непотребно ќе се изгубат време и средства за финансирање до 2025 година. | **<u>Коментарот не се прифаќа</u>**<br>Членот има за цел да обезбеди постепено усогласување на надоместоците со што ќе може благовремено да се прилагодат производителите и да ги вкалкулираат трошоците соодветно. |
| **Забелешки за кои нема консензус кај сите членки на Асоцијата** | |
| Член 22 околу процентниот удел за добивање на дозвола нема консензус и опциите се од 5%-10% пазарен удел. | МЖСПП смета дека 10 % треба да биде минимумот за основање на колективен постапувач со цел да се избегне создавање на колективни постапувачи кои немаат сериозна намера, односно кои немаат доволно средства ниту капацитет да ги исполнуваат обврските на проширената одговорност. |
| Член 40 треба да се дефинира и минимален покрај максимален удел на пазарот на Колективниот постапувач, но тоа никаде не се споменува во овој член!<br><br>Напротив се дефинира само МАКСИМУМ дозволен пазарен удел од 50%. Инсистираме да има МИНИМАЛЕН пазарен удел за колективниот постапувач од (5% или 10% има различни мислења) кој се бара и при добивање на дозвола заради обезбедување на конкурентност на пазарот и максимален пазарен удел кој не би требало да се лимитира или ако веќе мора, да биде (50% или 60% има различни мислења), пред се затоа што „економијата на обем“ е битен фактор за намалување на административните трошоци по колективен постапувач. | После разгледувањето на предностите на сите предложени опции МЖСПП се одлучи дека е неопходно да остане ограничувањето од 49 % учество во уделот од причина што доколку еден колективен постапувач има повеќе од 49 % удел на пазарот би се нарушила конкурентноста на пазарот. Колективниот постапувач врши дејност во име на производителите заради остварување на нивната обврска за проширена одговорност која е пред се фискална, односно утврдува надоместок за нејзиното спроведување. Сепак законот дава можност оваа обврска наместо со плаќање на надоместокот да се врши со воспоставување на систем за собирање на отпад и постигнување на целите за управување. Во оваа смисла, колективните постапувачи вршат дејност која потекнува од одбврска за плаќање на јавни давачки. Поради овие односи, законодавецот мора да води сметка да не се наруши пазарот и обврската да не биде преземена од мал |

| | |
|---|---|
| | број на колективни постапувачи кои би ја диктирале цената на услугата.<br>Во однос на минималниот удел на пазарот истиот е дефиниран во член 22 од законот во кој е дефинирано дека истиот е 10%. |
| Член 67 во преодни одредби, дел од членките предлагаат роковите во став (3) и (5) да се скратат од предвидените 2023 и 2022 година на 2021 година соодветно, за да се забрза имплементацијата на законите, но за ова нема консензус од членовите на Асоцијацијата. | **Коментарот не се прифаќа**<br>МЖСПП смета дека предвидените рокови се потребни и доволни заради усогласување со новиот систем на работа. |